## 3.2. Девизни движења

*Во јули 2003 година прометот на девизниот пазар забележа месечно зголемување од 0,9%...*

*... при што денарот апресираше за 0,1% во однос на еврото и американскиот долар*

Прометот на девизниот пазар во јули 2003 година забележа релативно мала промена во однос на претходниот месец (пораст од 0,9%) и изнесуваше 282,5 милиони САД долари. Трансакциите остварени меѓу банките и претпријатијата сочинуваат 83,4% од вкупниот промет на девизниот пазар. НБРМ интервенираше на девизниот пазар остварувајќи нето-откуп, додека деловните банки оствариja нето-продажба на девизни средства. На крајот на јули 2003 година, вредноста на денарот во однос на еврото на девизниот пазар апресираше за 0,1% на месечна основа, при што за едно евро се разменуваа 61,24 денари. Во однос на американскиот долар вредноста на денарот исто така апресираше за 0,1%, при што за еден американски долар се разменуваа 53,63 денари.

Графикон 23
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони САД долари)




*Исклучително висок месечен пораст на прометот на менувачкиот пазар во јули 2003 година*

Прометот на менувачкиот пазар во јули 2003 година оствари исклучително висок месечен пораст (59,5%) и достигна вредност од 169,9 милиони САД долари, што е највисок обем на промет од почетокот на оваа година. Порастот главно има сезонски карактер и е условен од годишните одмори. Понудата за девизни средства се зголеми за 63,7% и изнесуваше 101,1 милион САД долари, додека побарувачката за девизни средства се зголеми за 53,7% и изнесуваше 68,8 милиони САД долари. Притоа, менувачниците во овој месец извршија нето откуп на девизни средства во износ од 32,3 милиони САД долари. Просечниот курс на денарот во однос на еврото на менувачкиот пазар изнесуваше 61,46 денари за едно евро што претставува минимална апресијација на денарот од 0,1%. Просечниот курс на денарот во однос на американскиот долар[8] изнесуваше 53,10 денари за еден долар, што претставува депресијација на денарот за 2,5%.

[8] Курсот на американскиот долар е преземен од курсната листа за менувачко работење на НБРМ.

Графикон 24
Дневен среден девизен курс на денарот во однос на американскиот долар и еврото на девизниот пазар
(денари за единица странска валута)




*Месечен пораст на бруто девизните резерви на НБРМ...*

Вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија бележи четиримесечен растечки тренд, при што во јули 2003 година достигна 1.534,2 милиони САД долари. Бруто девизните резерви на НБРМ се зголемија за 26,0 милиони САД долари во однос на претходниот месец, со што достигнаа 829,1 милион САД долари. Порастот се должи главно на реализираниот нето откуп на девизни средства од деловните банки.

Графикон 25
Девизен потенцијал на Република Македонија
(во милиони САД долари)




*...при истовремен пораст на девизните средства кај депозитните банки*

Вкупните девизни средства на банките во јули 2003 година се зголемија за 14,8 милиони САД долари и изнесуваа 664,7 милиони САД долари. Порастот главно се должи на зголемените девизни депозити на населението (за 11,0 милиони САД долари) и на претпријатијата (за 1,8 милиони САД долари).